Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2017/1 од 22.05.2026 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службена положба и овластувања во врска со непостапување по административни забрани и задршки од плата на вработено лице во ЈП „--------" – Скопје, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, наводите содржани во пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2017/1 од 22.05.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител, на ден 22.05.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службена положба и овластувања во врска со непостапување по административни забрани и задршки од плата на вработено лице во ЈП „--------" – Скопје и оформен е предмет број 12-2017/1 од 22.05.2026 година.

Имено, во пријавата се наведува дека лицето --------, вработена во Секторот за финансии во ЈП „-------" – Скопје, во повеќе наврати ја злоупотребила својата службена положба со цел остварување лична корист, при што не биле

спроведувани административни забрани и задршки од плата кои се однесуваат на неа и на нејзини блиски лица. Дополнително, во пријавата се наведува дека ваквото постапување се случувало подолг временски период, како и дека претходно биле поднесувани пријави без да бидат преземени соодветни мерки.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата, ДКСК достави барање до ЈП „------“ – Скопје за доставување писмено образложение и соодветна документација по однос на наводите во пријавата.

ЈП „------“ – Скопје, со допис бр. ------ од 28.07.2026 година, ја достави бараната информација и соодветната документација.
Од доставениот одговор произлегува дека, согласно налозите за извршување врз плата и други парични побарувања, а врз основа на член 141 од Законот за извршување, работодавачот постапувал согласно одредбите од Законот за извршување.
Воедно, од доставената документација произлегува дека налозите за извршување доставени за вработената ------- биле уредно евидентирани од страна на Одделението за финансиско планирање и анализа, се чувале и спроведувале по редоследот по кој се примени, а за секое барање доставено од извршителите било доставено известување за редоследот на наплата.
Од извршениот увид во доставената документација, особено од прегледот на постапувањето по поединечните налози за извршување, се утврди дека се работи за вкупно 9 налози за извршување, доставени од различни извршители.
Од документацијата произлегува дека по наведените налози ЈП „-------“ – Скопје преземало соодветни дејствија, при што во доставените прилози се евидентирани податоци за приемот и постапувањето по налозите, како и податоци за извршените задршки од плата.

Во прилог на одговорот доставени се и исплатни листи за вработената -------- за последните 12 месеци, односно за периодот од месец 06/2025 до месец 06/2026 година, од кои се утврдува дека задршките од плата биле уредно евидентирани и спроведувани.
Од доставената документација, исто така, произлегува дека извршителите биле навремено известувани за релевантните околности во врска со спроведувањето на налозите за извршување.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Поради наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор